АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3090 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми (вкупно 18) Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на весниците „Дневник“, „Вест“, „Утрински весник“ и „Македонски спорт“ и на магазините „GTA“, „Теа модерна“, „Направи сам“ и „Играј“, Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија“, Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат“, Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер“, Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха“, Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал“, Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус“, Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Република“, Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на весникот „Битолски весник“, Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Убавина и здравје“, „Испрати рецепт“, „Торти и колачи“, „Бабина кујна“, „Лековити билки“ и „Руски доктор“, Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique“ и „Auto Focus“, Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус“, Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Јени Балкан“, Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм“, Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис“, Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман“ и на магазинот „Заман шќип“, Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет“ и Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино“, и тоа:

**2.1.** изданијата од 6 јуни 2016 година на дневните весници „Дневник“ бр.6082, „Вест“ бр.4787, „Утрински весник“ бр.5100, „Македонски спорт“ бр.5453, „Нова Македонија“ бр.23776, „Слободен печат“ бр.784, „Вечер“ бр.16174 и „Коха“ бр.2802;

**2.2.** изданието од 3 јуни 2016 година на дневниот весник „Лајм“ бр.3116;

**2.3.** изданијата од 3 јуни 2016 година на неделните весници „Капитал" бр.866, „Фокус" бр.1078 и „Република" бр.196;

**2.4.** изданието од 30 мај 2016 година на неделниот весник „Јени Балкан" бр.612;

**2.5.** изданието од 1 јуни 2016 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2661;

**2.6.** изданието од 31 мај-06 јуни 2016 година на неделниот весник „Заман" бр.1038;

**2.7.** изданието за февруари/март 2016 година на магазинот „Торти и колачи" бр.24;

**2.8.** изданието за март 2016 година на магазинот „Направи сам" бр.19;

**2.9.** изданието за април 2016 година на магазинот „Економија и бизнис" бр.214;

**2.10.** изданијата за мај на магазините „Auto focus" бр.104, „Авто плус" бр.261 и „Заман шќип" бр.125;

**2.11.** изданието од 1 јуни 2016 година на магазинот „Теа модерна" бр.814 и

**2.12.** изданијата за јуни 2016 година на магазините „Играј" бр.23, „GTA" бр.64, „Убавина и здравје" бр.97, „Испрати рецепт" бр.65, „Бабина кујна" бр.15, „Лековити билки" бр.14, „Руски доктор" бр.3, „Unique" бр.78, „Портрет" бр.7 и „Храна и вино" бр.141.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 7 јуни 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:**

**5.1.** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>во целост е исполнета</u> кај 31 печатен медиум, и тоа кај изданијата од 6 јуни 2016 година на дневните весници „Дневник" бр.6082, „Вест" бр.4787, „Утрински весник" бр.5100, „Македонски спорт" бр.5453, „Нова Македонија" бр.23776, „Слободен печат" бр.784, „Вечер" бр.16174 и „Коха" бр.2802, изданието од 3 јуни 2016 година на дневниот весник „Лајм" бр.3116, изданијата од 3 јуни 2016 година на неделните весници „Капитал" бр.866, „Фокус" бр.1078 и „Република" бр.196, изданието од 30 мај 2016 година на неделниот весник „Јени Балкан" бр.612, изданието од 1 јуни 2016 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2661, изданието од 31 мај-06 јуни 2016 година на неделниот весник „Заман" бр.1038, изданието за февруари/март 2016 година на магазинот „Торти и колачи" бр.24, изданието за март 2016 година на магазинот „Направи сам" бр.19, изданието за април 2016 година на магазинот „Економија и бизнис" бр.214, изданијата за мај на магазините „Auto focus" бр.104 и „Заман шќип" бр.125, изданието од 1 јуни 2016 година на магазинот „Теа модерна" бр.814 и изданијата за јуни 2016 година на магазините „Играј" бр.23, „GTA" бр.64, „Убавина и

здравје“ бр.97, „Испрати рецепт“ бр.65, „Бабина кујна“ бр.15, „Лековити билки“ бр.14, „Руски доктор“ бр.3, „Unique“ бр.78, „Портрет“ бр.7 и „Храна и вино“ бр.141

**5.2.** Обврската е <u>делумно исполнета</u> само кај изданието за месец мај на магазинот „Авто плус“ бр.261 (не се објавени податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот). Предлог – мерката за издавачот на овој печатен медиум, Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, е дадена во посебниот извештај, кој се доставува во прилог на овој извештај.

**5.3.** Магазините „Спорт бокс“, „Теа кидс“, „ХроноГотвач“ и „Мој дом“ не се опфатени со овој надзор затоа што не беа издадени нови броеви од истите. Имено, на последното издание на магазинот „Спорт бокс“ (бр.8) Агенцијата изврши редовен надзор на 14 октомври 2015 година, на последното издание на магазинот „Теа кидс“ (бр.4) изврши вонреден надзор на 5 ноември 2015 година, на последното издание на „ХроноГотвач“ (бр.1) изврши вонреден надзор на 6 мај 2016 година, а на последното издание на „Мој дом“ (бр.50) изврши контролен надзор на 24 март 2016 година.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***